**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Бр.11-504/4
од 03.07.2019 год.
Гевгелија

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на Општина Гевгелија го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## За организирање на јавна презентација и јавна анкета

## по Архитектонско-Урбанистички проект за поделба на ГП 1.2 КО Негорци, м.в. Долна Корија, општина Гевгелија

Архитектонско-Урбанистички проект за поделба на ГП 1.2 КО Негорци, м.в. Долна Корија, општина Гевгелија ќе биде изложен во просториите на одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина на општина Гевгелија и јавната анкета ќе трае 5 работни дена односно од 10.07.2019 до 16.07.2019 година секој работен ден од 08 до 16 часот.

Јавната презентација ќе се одржи во малата сала на Народниот театар во Гевгелија на ден 10.07.2019 година (среда) во 11.00 часот.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границата на градежната парцела 1.2, односно во целост ги опфаќа КП 4658/1, КП 4658/2, КП 4661, КП 4036/1 и дел од КП 4659/1 и КП 4660 КО Негорци, општина Гевгелија.

Опфатот е со површина од 5148 м$^2$..

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со проектот можат да учествуваат на Јавната презентација и Јавната анкета, а во времетраењето на анкетата можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови кое се наоѓаат во одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина на општина Гевгелија или преку информацискиот систем е-урбанизам.

.

Градоначалник
на општина Гевгелија
**м-р Сашо Поцков**

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353(centrala) ++389 34 216 899(Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211(Kabinet)
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t-home.mk
www.gevgelija.gov.mk